

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**

**22 април- 9 мај 2024 Билтен бр. 561**

# ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА КАРПОШ ДОБИ ОБУКА ЗА ПРВА ПОМОШ НА РАБОТНОТО МЕСТО



## НАЈМАЛИТЕ КАРПОШАНИ СПОРТУВАА ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

**По повод Меѓународниот ден на планетата Земја, во организација на ЈУОГД „Орце Николов“ се одржа детска спортска олимпијада како дел од проектот„Спорт за сите“. Во таа насока, на фудбалското игралиште „Алумина“ под мотото – „Спортот наша иднина“ се одржа детската олимпијада на која учествуваа околу 200 дечиња од сите градинки од Карпош. По детското дефиле кое изобилуваше со интересна кореографија, се одржа и музички настап со во кој учествуваа децата од градинката „Орце Николов“.**

**На спортското игралиште во населбата Карпош 3, најмладите карпошани ги покажаа своите таленти во различни видови на игра при што доминираше натправарувачкиот дух.  Во оваа пригода, градинката „Орце Николов“ и додели благодарница на фирмата Хемпромак за нејзиниот придонес во реализација на детската спортска олимпијада. Одговорните лица од детските градинки најавија дека со поддршка на Општина Карпош и во блиска иднина ќе организираат настани од ваков тип, каде ќе ги поттикнувааат младите карпошани да спортуваат, да се дружат и да развиваат здрави животни навики.**



# ВО КАРПОШ Е ПОСТАВЕН ПРВИОТ „ХОТЕЛ“ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДИВИ ПЧЕЛИ

**По повод одбележување на Денот на планетета Земја, денеска во населбата Карпош 3, претставници на невладината организација ТАКТ во соработка со Општина Карпош го поставија првиот „хотел“ за згрижување на инсекти – опрашувачи на територија на локалната самоуправа. Станува збор за иницијатива којашто се реализира во рамки на проектот СУДЕКУ (Одржлива демократка култура), чии носители се НВО ТАКТ и швајцарскиот Универзитет за образование на наставници во Цирих. Вакви куќарки за диви пчели ќе се поставаат и во Куманово и Крива Паланка, кои заедно со Општина Карпош се дел од проектот СУДЕКУ, а од невладината ТАКТ откриваат дека постои желба да се поставаат околу 1.000 пчелни хотели во период од две години.**

**Инаку, на Балканот живеат неколку стотици видови на пчели а на многумина од нив им се заканува изумирање, со што се зголемува опасноста од катастрофален колапс на екосистемот на природата. Како главна причина за забрзаното исчезнување на инсектите е наведено интензивното земјоделство, со особено големата употреба на пестициди. Меѓу главните фактори за ваквиот негативен тренд се и урбанизацијата и климатските промени. Доколку не го смениме нашиот начин на производство на храна, инсектите како целина се на добар пат за исчезнување во наредните неколку децении, алармираат експертите.**

**Според нив, опстојувањето на инсектите е од есенцијално значење за правилно функционирање на сите екосистеми, бидејќи тие претставуваат храна за другите суштества, а воедно се и главни опрашувачи и рециклирачи на хранливи материи. Оттука ваквите домашни пчелни хотели можат да придонесат многу, за опстанокот на овие корисни инсекти. Имено, овие мали куќарки се изработени од различни природни материјали и стратешки се поставуваат во градини, во паркови и на други локации кои често се изложени на сонце. Пчелните хотели покрај тоа што се функционални и помагаат при заштита на инсектите – опрашувачи, истите служат и како едукативни алатки за учење на пчелна биологија, како и за подигнување на свеста за важноста на осаменит ... ите во локалнат ... луѓето**



# РЕОНИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Почитувани сограѓани, Ве информираме дека**

**Советот на општина Карпош ја усвои Одлуката за утврдување на реони на десетте основни училишта кои се наоѓаат на територија на локалната самоуправа.**

**Во прилог ви го доставуваме официјалниот документ каде можете точно да ги прочитате адресите кои се составен дел на одредениот реон и на тој начин да утврдите во кое основно училиште може да се запише првоодделенецот согласно местото на неговото живеење.**

МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 63, став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и бр.229/20) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош бр.09-3199/16 од 20.04.2023 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 30 март 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
**за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**
**-ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ-**

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат реоните на основните училишта во кои се опфаќаат учениците од целата територија на Општина Карпош.

### Член 2

Со усвојувањето на оваа одлука се обезбедува реален прилив на учениците во основните училишта и рационално искористување на училишните капацитети во Општина Карпош.

### Член 3

# БОЈАДИСАНИ УЧИЛНИЦИ ВО ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ”

**Основното училиште ,,Димо Хаџи Димов” доби нови бојадисани училници и ходници, во кои учениците по пролетниот распуст, ја продолжија образовната програма од второто полугодие. Со почетокот на оваа учебна година, освен бојадисувањето во ООУ ,,Димо Хаџи Димов”, освежени беа и основните училишта ,,Петар Поп Арсов”, ,,Аврам Писевски” и ,,Војдан Чернодрински”, во кои се употреби посебна антиалергена боја за варосување, а онаму кадешто имаше потреба, се глетуваше и се фарбаше со мрсна боја.**

**Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски истакна дека очекува по ребалансот на буџетот, да се одобрат финансиски средства и за останатите училишта, и ова лето да се обноват сите десет училишта во Карпош.**

**– Целокупниот трошок за потребите на бојадисувањето на ООУ ,,Димо Хаџи Димов” изнесува 3.500.000 денари. Со ребалансот на буџетот, се надевам дека ќе може да издвоиме уште средства за другите училишта и наредната година во зависност од тоа колку финансиски средства ќе имаме, да ги бојадисаме и останатите. Инаку, потребно беше комплет да се бојадисаат училиштата, бидејќи истите целосно се реконструирани во 2011-2012 и сега се навраќаме повторно по 12 години – заврши Јакимовски.**

